**20242714681**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24), член 26 став 4 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21) и точка 14 од Одлуката за начинот на вршење на платен промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/11), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

1. Во Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/16 и 41/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/20, 7/21 и 74/22), во точката 2, алинејата 6 се брише.

2. Во точката 38 во ставот 1, во алинејата 3 по зборот: „документ“ се додаваат зборовите: „во согласност со точката 41 од ова упатство,“.

3. Во точката 41 во ставот 1, алинејата 1 се брише.

Во алинејата 10, којашто станува алинеја 9, по зборовите: „2500 ЕУР“ се додава зборот: „месечно“.

Во алинејата 12, којашто станува алинеја 11, точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 12 којашто гласи:

„– за семејни животни трошоци (престој во странство заради школување, лекување и други трошоци) над 2500 ЕУР месечно: документ за потврдување на основата;

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Ставот 4 станува став 2.

4. Точката 42 се менува и гласи:

„42. За извршување на плаќањата и трансферите во странство коишто не се опфатени во точката 41 став 1 од ова упатство, доволна е информацијата од резидентот за основата на плаќањето.“

5. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 02-43543/1
24 декември 2024 година
Скопје

Гувернер,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.